ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

# Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 – 2019

Струмица, Октомври 2015

# Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019)

Проект: ***„Формирање на бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион“***

Година на имплементација: 2014 - 2015

Нарачател: **Центар за развој на Југоисточниот плански регион**
ул. Боро Џони бр.10
2400 - Струмица, Македонија
www.rdc.mk/southeastregion

За потребите на: **Регионален Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во ЈИПР**
ул. Боро Џони бр.10
2400 - Струмица, Македонија
www.investinseregion.mk

Изготвил: **Гесталт Солутионс д.о.о.**
ул. Христијан Карпош 57
2000 - Штип, Македонија
www.gestaltsolutions.com.mk

Издадено: Струмица, октомври, 2015

*Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 - 2019* е изработен во рамките на проектот на Министерството за локална самоуправа „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ кој се спроведува во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Проектот ***„Формирање на бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион"*** се реализира благодарение на:

- **Министерството за локална самоуправа** е надлежно за водење на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој. Министерството за локална самоуправа во соработка со другите Министерства што превземаат мерки за поттикнување на развојот ја дефинира и спроведува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој согласно целите на економската политика на Владата на Македонија и со програмските документи за интеграција на Р. Македонија во Европската Унија.

- **Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во Р. Македонија** ја поддржува Р. Македонија на патот кон Европската Унија, во градењето на инклузивно општество, општество каде секој има пристап до услуги и може да учествува во процесот на носење на одлуките кои влијаат на неговиот живот. УНДП и помага на Р. Македонија да постигне оддржлив развој, како и во борбата против еколошките предизвици. Поддршката на УНДП за Р. Македонија вклучува: развој на човечки и институционални капацитети, обезбедување знаења, нудење солуции за проблемите, градење партнерства и обезбедување на фондови за развој.

- **Центарот за развој на Југоисточниот плански регион (ЦРЈИПР)** има за цел намалување на регионалниот диспаритет и остварување на рамномерен и одржлив регионален развој, зголемување на конкурентноста на планскиот регион преку јакнење на неговиот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености, зачувување и развивање на специфичниот идентитет на регионот, како и негова афирмација и развој, ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби, поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување рамномерен регионален развој и подигнување на квалитетот на живот на сите граѓани во регионот.

***Опис на проектот***

*Врз основа на Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.63/2007, 187/2013 и 43/2014), како и врз основа на Програмата на Владата на Република Македонија за рамномерен регионален развој во 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.8/2014 и 22/2014), со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото, формирани се Бизнис центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните центри за развој на планските региони. Формирањето на Регионалните бизнис центри во осумте плански региони е засновано на одлука на Владата на Република Македонија на осмата (тематска) седница, одржана на 29 август 2011 година.*

*Во рамки на проектот на Министерството за локална самоуправа - „Иновативни решенија за подобрен пристап до услуги на локално ниво", проект спроведуван од страна на Програмата за развој на Обединети нации (УНДП) беше изготвена* ***„Студија за можностите за испорака на услуги кон приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони****". Оваа студија ги дава насоките за идните функции и услуги на Бизнис центрите, кои би се вршеле/испорачувале од страна на вработени лица со знаење, вештини и искуство за поддршка на приватниот сектор, во рамки на постојните Центри за развој на планските региони. Оваа студија е фокусирана на дефинирање на новите функции и услуги на веќе определен облик – т.н. регионални бизнис центри и тоа на начин кој ќе гарантира висок степен на комплементарност со постојните услуги за приватниот сектор, ќе ги минимизира сите ризици од преклопување и ќе допринесе за проширување на спектарот на услуги за приватниот сектор и неговиот развој на ниво на плански регион.*

*Регионалните Бизнис центри во рамки на Центрите за развој на планските региони имаат за цел квалитетно опслужување на бизнис секторот во планските региони. Според „Студија за можностите за испорака на услуги кон приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони" Регионалните бизнис центри во фокусот на своето работење ги имаат следните функции:*

*1.Координативна и комуникациска*
*2. Информативна и едукативна*
*3. Планирање и мониторинг*
*4. Анализа и синхронизација*
*5. Проектен менаџмент*
*6. Спроведување на национални програми.*

*Резултатите од истражувањата при подготовката на студијата посочија дека потребите на приватниот сектор на локално и регионално ниво не се потполно задоволени и, притоа, како приоритетни нови услуги се наметнуваат оние услуги со кои ќе се адресираат воочените тесни грла како што се: недостатокот на соодветна координација на активностите поддржани со јавни средства, ефективноста на пристапот до информации и зголемување на степенот на учество на приватниот сектор во носењето соодветни одлуки на локално и регионално ниво. Поради предностите и можностите кои им се на располагање, Регионалните бизнис центри во предвидената институционална форма (во рамки на Центрите за развој) логично се наметнуваат за улогата на координатор на активностите на регионално ниво кои се спроведуваат од страна на националните институции и организации и нивните мрежи на локално и регионално ниво, но и олеснувачи на комуникацијата на националните со локалните институции и организации како и со приватниот сектор.*

*Регионалните бизнис центри во рамки на Центрите за развој се природно најсоодветни за вклучување во планирањето и следењето на степенот на рамномерниот економски развој, особено во комуникацијата со бизнис секторот, како и во планирањето и мониторингот на регионалните индикатори за економски развој, развој на претприемништвото и економските сектори.*

*Ваков Центар е формиран и во Југоисточниот плански регион во состав на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион - Струмица, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет – целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет – зголемено мени на услуги и опфат на корисници преку лобирање, информирање и вмрежување. Формирањето на Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион технички и финансиски е поддржано од Министерството за локална самоуправа и Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП).*

*Во рамките на овој проект се спроведува активноста изработка на **Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019)**.*

# ВОВЕД

*Регионалниот развој придонесува за зголемување на развојот и конкурентноста на поединечните локални и регионални економии, а преку тоа и напредок на целокупната национална економија. Максималното искористување на капацитетите и потенцијалите на еден регион, придонесува кон економски развој на регионот, а со тоа и намалување на диспаритетите во развојот помеѓу и во рамките на планските региони. Регионалниот развој се темели врз неговата комплексност и повеќедимензионалност, односно преплетувањето на економскиот, демографскиот, социјалниот, просторниот, културниот и многу други аспекти на развојот. Од таа причина, успешното спроведување на политиката за регионален развој е директно зависна од поширокото разбирање на концептот за регионален развој, ефикасното поврзување на регионалната развојна политика со секторските политики како и обезбедувањето на потребната поддршка од страна на релевантните институции. Во таа насока, потребно е да бидат опфатени сите засегнати страни кои придонесуваат за развојот на регионот, со посебен акцент на бизнис секторот, како најважен сегмент на една пазарна економија. Приватниот сектор е главниот двигател на економијата во секоја развиена земја. Р. Македонија посветува големо внимание на развојот на компаниите воспоставени на територијата на Р. Македонија. Во таа насока се превземаат низа активности за подобрување на деловната клима на национално и регионално ниво, а со тоа и на економската положба на бизнис секторот.*

*За постигнување на побрз економски развој, како и зајакната економска положба на сите засегнати страни, се изготвени неколку стратешки документи кои ќе служат како патоказ и насочувач на сите идни активности. Такви стратешки документи за Југоисточниот регион претставуваат:*

*- „Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019)",*
*- „Стратегија за развој на МСП во Југоисточниот плански регион",*
*- „Водич за инвестирање во Југоисточниот плански регион",*
*- „Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточниот плански регион ",*
*- „Студија за пристапна инфраструктура и сигнализација во индустриските зони во Југоисточниот плански регион”*
*- „Студија за анализа на карактеристиките на претприемништвото во ЈИПР"*
*- „Студија за потенцијалот и искористување на обновливи извори на енергија во прекуграничниот регион (Југоисточен плански регион - Република Македонија и Југозападен плански регион - Република Бугарија)".*

*Креатор и главен имплементатор на овие стратешки документи е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион кој претставува организација директно одговорна за планирање на регионалниот развој и имплементација на документите за регионален развој на ЈИПР.*

*Основна задача на ЦРЈИПР е јакнење на капацитетите во локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развојот на локално и регионално ниво и подигање на квалитетот на живеење во регионот. Во таа насока, овој Комуникациски план ќе обезбеди подобар пренос на информации поврзани со „Програма за развој на Југоисточниот плански регион 2015-2019", како документ од огромно значење за регионот, до сите засегнати страни, со цел да се обезбеди поцелосна и поефикасна реализација на истата.*

*Комуницирањето со јавноста е комплексен и долготраен процес кој содржи серија активности и елементи: информации, канали и начини на ширење на информациите, начини на изразување, заинтересирани или незаинтересирани реципиенти, време на информирање, причини и цели на информирањето, навики на информирање на целните реципиенти. Од друга страна, планираното комуницирање никогаш не смее да биде цел сама за себе, туку претставува еден од начините за остварување на целите на секоја организација, во овој случај, на Центарот за Развој на Југоисточниот плански регион. Од тука произлегува и потребата од изготвување на овој Комуникациски план како систематизиран и стратешки пристап за обраќањето до јавноста, како и потребата од организирано собирање повратни ставови и реакции од чинителите.*

# СОДРЖИНА


Листа на акроними 8

1. Резиме 9

2. Стратегиски пристап за изработка на Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 – 2019 11

3. SWOT Анализа за Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) 16

4. Цели на Комуникацискиот план 22

5. Целни групи 25

6. Комуникациски пораки 30

7. Комуникација преку класичните и иновативните медиуми 31

8. Оперативен план на активности со дефинирани алатки за комуникација, временска рамка и буџет 36

9. Методи и начини за мониторинг, евалуација и мерки за оценување 39

## ЛИСТА НА АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЈИПР | Југоисточен плански регион |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| ЦРЈИПР | Центар за развој на Југоисточен плански регион |

# 1. РЕЗИМЕ

Основна цел на **Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019)** е информирање на јавноста и клучните чинители од Југоисточниот плански регион за прогресот во имплементирањето на Програмата за развој на регионот. Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) ги дефинира целите и приоритетите на развојот на Југоисточниот плански регион за периодот 2015 - 2019 година.

Визија на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) е да им помогне на сите учесници, носители и релевантни чинители на Програмата да станат свесни за нивната улога во реализацијата на истата. Мисија на Комуникацискиот план е промоција на имплементираните активности од Програмата за развој на ЈИПР со цел информирање на сите релевантни чинители од регионот за важноста на Програмата и за нивната вклученост во имплементацијата на истата.
Главната цел на Комуникацискиот план е обезбедување на транспарентност при имплементацијата и мерење на ефектите од реализацијата на Стратешките цели наведени во Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).

Основни цели на овој Комуникациски план се:

- ✓ Промоција на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) и програмските активности;
- ✓ Информирање на јавноста за Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019), активностите кои се дел од неа и остварените резултати;
- ✓ Зголемување на јавната свест и одговорност од страна на клучните чинители за нивната улога во имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019);
- ✓ Подобрување и зголемување на интерактивната комуникација преку размена на идеи и гледишта за различните активности кои се дел од Програмата за развој;
- ✓ Развој на заедничко сфаќање за важноста од успешната имплементација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019);
- ✓ Зголемување и продлабочување на соработката на Центарот за развој на ЈИПР со чинителите во регионот.

Со цел остварување на визијата и мисијата на Комуникацискиот план, како и на целите на истиот, дефинирани се следните комуникациски пораки кои ќе овозможат информирање на целните групи за текот на имплементацијата на Програмата за развој на регионот:

1. *Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е вистински партнер и соработник во развој на Југоисточниот плански регион, како и партнер во раст и развој на МСП од Југоисточниот плански регион;*
2. *Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е еден од главните двигатели во промоција на економските можности за развој на Југоисточниот плански регион;*
3. *Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е главен носител на развојот на Југоисточниот плански регион и креатор на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019);*

4. *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) е документ од огромна важност за регионот и Главен имплементатор на Програмата е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион;*
5. *Имплементација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) подразбира вклучување на сите релевантни чинители кои постојат во Југоисточниот регион (локални самоуправи, партнери на Центарот, локални и регионални медиуми, приватен сектор);*
6. *Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е подготвен за соработка со сите релевантни чинители од Југоисточниот регион.*

Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) инкорпорира класични и иновативни медиуми и комуникациски алатки кои ќе бидат користени од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во комуницирањето на дефинираните комуникациски пораки, а со цел промоција на имплементацијата и остварените резултати од Програмата за развој на Југоисточниот плански регион. Овие комуникациски алатки вклучуваат:

- Веб страна на Центар за развој на Југоисточниот плански регион
- Социјални медиуми - профили на Центар за развој на Југоисточниот плански регион на социјалните медиуми
- Веб страни на Единиците на локалните самоуправи во Југоисточниот плански регион
- Електронски (локални и регионални) медиуми
- Печатени медиуми
- Онлајн (локални и регионални) медиуми - веб портали
- Википедија
- Прес конференции
- Е-билтени
- Печатени промотивни материјали
- Промотивни фолдери
- Прес клипинг извештаи

Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) ќе овозможи позиционирање на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион како главен двигател на развојот во регионот, креатор и главен имплементатор на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион. Комуникацискиот план ќе овозможи имплементација на низа на активности кои имаат за цел реално, навремено и континуирано информирање на јавноста во Југоисточниот плански регион за Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019), активностите кои се превземаат во рамки на истата и прогресот во имплементацијата на истата.

# 2. СТРАТЕГИСКИ ПРИСТАП

за изработка на

***Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019)***

Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) ги дефинира целите и приоритетите на развојот на Југоисточниот плански регион во периодот од 2015 до 2019 година. Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) е во согласност со Националната стратегија за рамномерен регионален развој 2009-2019 и Европската стратегија 2020 - „Европска стратегија за паметен, зелен и инклузивен раст". Главните цели на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) се дизајнирани така што ги обединуваат економските, социјалните и еколошките агенди на ЕУ на соодветен структуриран и кохерентен начин. Една од основните цели на Програмата е давање придонес кон остварување на визијата и мисијата на Југоисточниот плански регион.

**Визија** на Југоисточниот плански регион е до 2019 година да биде привлечно место за живеење, двигател на сопствениот одржлив развој, со задоволни и мотивирани граѓани, препознатливи производи со додадена вредност, посакувана дестинација со препознатливи особености и културно – историски вредности.

**Мисија** на Југоисточниот плански регион е остварување одржлив развој преку оптимално користење на ресурсите, функционални институции за пристап до услуги, инвестиции, иновативност и конкурентност за подобрување на условите за работа и живот во регионот.

Програмата за развој на Југоисточниот плански регион  за периодот 2015 - 2019 вклучува 6 стратешки цели кои се од огромно значење за Југоисточниот плански регион и чие остварување ќе придонесе кон остварување на визијата и мисијата на регионот.

| **Стратешки цели на Програма за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)** |
|---|
| **Стратешка цел 1 – Поттикнување на економски раст во регионот** |
| **Стратешка цел 2 – Одржлив развој на туризмот и културата** |
| **Стратешка цел 3 – Социјална и економска сигурност во регионот** |
| **Стратешка цел 4 – Развивање на современа и функционална инфраструктура за економски развој и подобар животен стандард** |
| **Стратешка цел 5 – Развој на конкурентно земјоделско производство и унапредување на животот во руралните подрачја** |
| **Стратешка цел 6 – Воспоставување на одржливи системи за управување со животната средина** |

Табела 1. Стратешки цели на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)

Постојаната, навремената и двонасочната комуникација со јавноста е еден од суштинските елементи во управувањето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Редовното и отворено информирање на граѓаните на Југоисточниот плански регион и клучните чинители за работата на Центарот е составен дел од работењето на ЦРЈИПР. Со цел обезбедување транспарентност на имплементацијата и мерењето на ефектите од реализација на целите на Програмата за развој на ЈИПР (2015-2019) развиен е овој Комуникациски план кој меѓу мдругото треба да ја информира пошироката јавност за имплементацијата на активностите предвидени во самата Програма и да го привлече вниманието на релевантните чинители од ЈИПР со цел обезбедување нивна поголема вклученост и заложба во имплементацијата на оваа Програма.

Изработката на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) е заснован на методолошки пристап во 7 чекори:

| Чекори за изработка на КОМУНИКАЦИСКИОТ ПЛАН за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019) | |
|---|---|
| **Чекор 1** | Анализа на постоечката ситуацијата |
| **Чекор 2** | Идентификување на целни групи |
| **Чекор 3** | Одредување на информации кои треба да се комуницираат |
| **Чекор 4** | Идентификување на комуникациски канали и време на комуникацијата |
| **Чекор 5** | Буџет |
| **Чекор 6** | Мониторинг |
| **Чекор 7** | Евалуација |

Табела 2. Чекори во изработката на Комуникацискиот план

Чекор 1: **Анализа на постоечката ситуацијата**

Подготовката на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) започна со собирање и анализа на податоците и информациите кои се релеванти за Комуникацискиот план. Во овој чекор се спроведе деск истражување - анализа на стратешки документи за Југоисточниот плански регион со цел добивање вистински насоки за одредување на целните групи и идентификување на главните пораки кои сакаат да се комуницираат преку овој Комуникациски план. Анализата беше спроведена на следните стратешки документи за Југоисточниот плански регион:

1. Програма за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019)
2. Стратегија за развој на мали и средни претпријатија (МСП) во Југоисточниот плански регион
3. Водич за инвестирање во Југоисточниот плански регион
4. Студија за можности за развој на патната мрежа во Југоисточниот плански регион
5. Студија за пристапна инфраструктура и сигнализација во индустриските зони во Југоисточниот плански регион

6. Студија за анализа на карактеристиките на претприемништвото во Југоисточниот плански регион
7. Студија за потенцијалот и искористување на обновливи извори на енергија во прекуграничниот регион (Југоисточен плански регион - Република Македонија и Југозападен плански регион - Република Бугарија)

Анализата на овие документи овозможи детерминирање на постоечката ситуација во Југоисточниот плански регион на Р. Македонија со цел утврдување на основата за изготвување на овој Комуникациски план.

Чекор 2: **Идентификување на целни групи**

Една од најважните активности во подготовката на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) е дефинирање на клучните актери и анализа на нивните карактеристики и потреби со цел правилно насочување на Комуникацискиот план. Имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион подразбира директна инволвираност на сите релевантни чинители во Југоисточниот плански регион, па оттаму нивното идентификување, но и анализа на нивните карактеристики, прифатениот начин на комуникација и стекнати навики во однос на каналите за комуникација како клучни аспекти во Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион. Листата на клучни актери и описот на нивните општи карактеристики е даден во делот „Целни групи" во овој Комуникациски план.

Чекор 3: **Одредување на информации кои треба да се комуницираат**

Двете најважни карактеристики на ефективната комуникација се едноставноста и конзистентноста. Најдобар начин за да се комуницира едноставно, јасно и конзистентно е преку развивање на клучни комуникациски пораки. Комуникациските пораки се суштината на тоа што сака да се искомуницира со јавноста - клучните точки кои треба да се пренесат. Во таа насока беше извршен преглед и анализа на сите стратешки регионални документи кои Центарот за развој на Југоисточниот плански регион ги има изработено досега. Анализата на овие документи овозможи детерминирање на клучните комуникациски пораки поврзани со Програмата за развој на ЈИПР кои треба да се искомуницираат со општата јавност во Југоисточниот плански регион:

1. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е вистински партнер и соработник во развој на Југоисточниот плански регион, како и партнер во раст и развој на МСП од Југоисточниот плански регион***
2. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е еден од главните двигатели во промоција на економските можности за развој на Југоисточниот плански регион***
3. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е главен носител на развојот на Југоисточниот плански регион и креатор на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)***
4. ***Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) е документ од огромна важност за регионот и Главен имплементатор на Програмата е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион***

5. ***Имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) подразбира вклучување на сите релевантни чинители кои постојат во Југоисточниот регион (локални самоуправи, партнери на Центарот, локални и регионални медиуми, приватен сектор)***

6. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е подготвен за соработка со сите релевантни чинители од Југоисточниот регион.***

Чекор 4: **Идентификување на комуникациски канали и време на комуникација**

Следен чекор во методолошкиот пристап е идентификување на комуникациски канали и најадекватното време за емитување на комуникациските пораки. Овој чекор дава одговор на две основи прашања: „Како ќе комуницираме со јавноста?" и „Кога ќе комуницираме со јавноста?". Оваа активност вклучува идентификување на комуникациските активности и алатки кои ќе бидат користени за остварување на квалитетна комуникација со јавноста и клучните чинители од Југоисточниот плански регион. Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 – 2019 ќе биде имплементиран преку различни видови на промотивни средства и информации како:

- настани (за потенцијални или тековни целни групи)
- онлајн промотивни средства (веб портали, newsletters / е-билтени)
- медиуми (огласи, соопштенија за медиуми)
- публикации (флаери, брошури)
- други промотивни материјали (печатени или аудиовизуелни) како инфо брошури и флаери, тематски брошури, постери, банери, стикери.

Чекор 5: **Буџет**

Главното ограничување во емитувањето на комуникациските пораки е буџетот, па оттаму овој Комуникациски план нуди можност за најголем бенефит од буџетските средства планирани за комуницирање со јавноста. Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има ограничени финансиски средства на располагање за сопствена промоција во локалните, регионалните и посебно националните медиуми. Сепак и покрај ваквата ситуација, Центарот за развој на ЈИПР има одлична комуникација со локалните и регионалните медиуми што придонесува кон солидна застапеност и на Центарот за развој, но и нововоспоставениот Бизнис Центар кој е дел од Центарот за развој, во програмските шеми на медиумите од Југоисточниот регион. Оваа соработка секако дека ќе биде искористена и при спроведување на комуникациските пораки поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион.

Вкупниот буџет кој ќе биде потребен за имплементацијата на овој Комуникациски план изнесува 1.980.000 денари, средства од кои, 540.000 денари ќе бидат обезбедени од сопствени извори на ЦРЈИПР и бесплатна промоција на социјалните медиуми, а останатите од други извори на финансирање (национални и интернационални донори, општини во ЈИПР и сл.).

Чекор 6: **Мониторинг**

Успехот на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) ќе биде мерен преку индикатори кои овозможуваат мониторинг на имплементираниот комуникациски план. Овој чекор во создавањето на комуникацискиот план треба да овозможи ефикасна координација и следење на сите комуникациски активности. Раководителката на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион ќе биде одговорна за координација на комуникациските активности кои ќе бидат превземени со цел постигнување на ефикасност и ефективност во комуникацијата со релевантните чинители во Југоисточниот плански регион и за мерење на успешноста на комуникациските активности поврзани со остварените резултати од имлементацијата на Програмата за развој на ЈИПР.

Чекор 7: **Евалуација**

Последниот или завршниот чекор од Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион е евалуација на реализацијата на програмата и давање оценка дали сите активности кои се предложени во планот се реализирани согласно предложениот план. Овој чекор е резиме на успехот на планот и нуди финални заклучоци при реализацијата на планот како и насоки кои треба да се земат во предвид при подготовката на идните комуникациски планови.

Центарот за развој на Југоисточниот плански регион ќе го користи овој Комуникациски план за да ја подобри информираноста на сите чинители преку обезбедување на подобар пристап до информации согласно со потребите на чинителите, подобрување на ефективноста на активностите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и поддржување на отворена вклученост со цел донесување на подобри одлуки.

Овој комуникациски план е можност Центарот за развој на Југоисточниот плански регион дополнително да се претстави пред јавноста, да ги анимира граѓаните и заинтересираните страни, да обезбеди постојана транспарентност при управување и спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион и да воспостави функционален регионален граѓански сервис.

# 3. SWOT АНАЛИЗА

*на тековната комуникација на*
*Центар за развој на Југоисточниот плански регион со релевантните чинители од ЈИПР*

Со цел правилно насочување на комуникациските пораки од голема важност е и детерминирањето на силните и слабите страни, можностите и заканите за комуникацијата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион со релевантните чинители од ЈИПР, со цел успешна реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019). За таа цел, за време на дескриптивната анализа беше направено сумирање на силните и слабите страни, заканите и потенцијалните можности на досегашната комуникација на ЦРЈИПР со релевантните чинители и прегледот на истите е даден во табелата подолу:

# SWOT АНАЛИЗА
на
комуникацијата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион
со релевантните чинители од ЈИПР

| **СИЛНИ СТРАНИ** | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ➢ **Препознатливост на ЦРЈИПР помеѓу клучните чинители во регионот**<br>➢ **Препознатливост на ЦРЈИПР помеѓу приватниот сектор во регионот**<br>➢ **Одлична соработка со електронските и печатените медиуми од Југоисточниот плански регион**<br>➢ **Добра соработка со националните електронски и печатени медиуми**<br>➢ **Програма за развој на ЈИПР (2015 - 2019) концепирана согласно барањата на релевантните чинители**<br>➢ **Високо квалификувани вработени лица во ЦРЈИПР и Бизнис центарот за поддршка и консултативни услуги за МСП во ЈИПР кој е дел од ЦРЈИПР**<br>➢ **Успешно спроведени проекти за економски развој на територија на Југоисточниот плански регион**<br>➢ **Одлична соработка со национални институции и министерства**<br>➢ **Одлична соработка со интернационални институции и донори како УНДП, ГИЗ РЕД, УСАИД.** | ➢ Ограничени финансиски средства за промоција на ЦРЈИПР и Бизнис центарот при Центарот за развој на ЈИПР<br>➢ Ограничени финансиски средства за промоција на резултатите и активностите од имплементирањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 - 2019<br>➢ Недостиг на специјализирано лице во рамки на ЦРЈИПР задолжено за комуникација со чинителите и медиумите од регионот |

| **МОЖНОСТИ** | ЗАКАНИ |
|---|---|
| ➢ **Воспоставување долгорочна соработка помеѓу ЦРЈИПР и Бизнис центарот при ЦРЈИПР од една страна и локалните и регионалните печатени, електронски и онлајн медиуми од друга страна**<br>➢ **Искористување на средства од Европски фондови за развивање и имплементација на детална Комуникациска стратегија за промоција на Центарот за развој и Бизнис центарот во рамките на ЦРЈИПР помеѓу јавноста во регионот**<br>➢ **Искористување на средства од меѓународни донатори присутни во Р. Македонија за развој и имплементација на Комуникациски стратегии за сите активности и проекти на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион**<br>➢ **Искористување на средства од национални фондови и буџети на општините од ЈИПР за развој и имплементација на Комуникациски стратегии за сите активности и проекти на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион** | ➢ Потенцијална презаситеност на релевантните чинители од регионот од промотивни и информативни настани организирани во рамките на активностите за Програмата за развој на ЈИПР<br>➢ Политичката криза во државата која би се прелеала и на економската ситуација во Југоисточниот плански регион. |

Табела 3. SWOT АНАЛИЗА на тековната комуникација на Центар за развој на Југоисточниот плански регион со релевантните чинители од ЈИПР

Едни од најголемите предности на досегашната комуникација на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион со релевантните чинители од регионот во поглед на успешната имплементација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019) е токму самата Програма. Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019) е квалитетно развиена и е конципирана на таков начин што овозможува лесно остварување на поставените стратешки цели. Одлично формулираната Програма за развој и јасно поставените и одлично формулирани стратешки цели претставуваат две силни страни за оваа SWOT анализа затоа што овозможуваат лесна комуникацијата на ЦРЈИПР со релевантните чинители во поглед на споделувањето информации за Програмата за развој на ЈИПР.

Изготвената SWOT Анализа покажа високо ниво на препознатливост на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион помеѓу приватниот сектор и клучните чинители во регионот што од своја страна ја олеснува комуникацијата меѓу ЦРЈИПР и приватниот сектор и релевантните чинители во поглед на споделувањето информации за Програмата за развој на ЈИПР. Приватниот сектор од Југоисточниот плански регион е запознаен со работата на Центарот за развој на ЈИПР и континуирано зема учество на информативните и промотивните настани организирани во рамки на секојдневните активности на Центарот. Приватниот сектор од Југоисточниот плански регион е запознаен и со работата на Бизнис центарот за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион, кој е дел од Центарот за развој на ЈИПР, што може да се види преку бројот на компании кои зеле учество на информативните и промотивните настани организирани од страна на овој Бизнис центар. Компаниите од регионот го препознаваат Бизнис центарот како дел од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион каде може да добијат информации поврзани со нивното работење. Истовремено го препознаваат овој Бизнис центар и како составен дел од Центарот за развој на ЈИПР во рамките на кој се преземаат низа мерки и активности кои придонесуваат кон побрз и подинамичен развој на приватниот сектор во Југоисточниот плански регион. Ваквото високо ниво на препознатливост на Центарот за развој на ЈИПР и Бизнис центарот во рамките на Центарот за развој претставува многу важна предност на досегашната комуникација на ЦРЈИПР во поглед на Програмата за развој на ЈИПР. Високата препознатливост овозможува олеснета комуникација со приватниот сектор која ќе придонесе кон лесно превземање и прифаќање на комуникациските пораки поврзани со Програмата за развој на ЈИПР од страна на микро, малите и средните компании кои функционираат во Југоисточниот плански регион.

Следна силна страна која ја истакнува SWOT анализата е препознатливоста на Центарот за развој помеѓу клучните чинители во Југоисточниот плански регион. Единиците на локалната самоуправа, организациите за поддршка на бизнис секторот, ресорните министерства и нивните канцеларии во општините од регионот, канцелариите на Агенцијата за вработување на Р. Македонија во општините од ЈИПР го препознаваат Центарот за развој на Југоисточниот плански регион како организација ЛИДЕР во развојот на овој регион. Имајќи предвид дека имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) подразбира директна вклученост на сите релевантни чинители во нејзината имплементација, оваа препознатливост и пред сѐ поврзаност на Центарот за развој со наведените чинители ќе го олесни процесот на вклучување на чинителите во имплементацијата на оваа Програма.

Силна страна детектирана со оваа SWOT анализа е и бројот на реализирани проекти од страна на ЦРЈИПР, дел поддржани од домашни институции, општини од ЈИПР и донатори, дел поддржани од меѓународните донаторски организации. Бројот на реализирани проекти го прави Центарот за развој на Југоисточниот плански регион еден од најуспешните центри

за развој на планските региони во Македонија, со што е посакуван и важен партнер за сите институции и донатори во насока на имплементација и реализација на проекти.

Зад успехот на секоја организација и институција стои компетентен и професионален кадар, нешто што е одлика на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион уште од неговото воспоставување. Вработените во Центарот за развој на ЈИПР имаат воспоставено високо ниво на професионалност во работењето, пред сè во комуникацијата со клучните чинители од регионот и локалните и регионалните медиуми. Овој начин на професионално работење со медиумите е огромна предност за комуникацијата на ЦРЈИПР со релевантните чинители од регионот, пред сè поради фактот што медиумите во регионот се инструментите кои ќе придонесат за пренесување на Комуникациските пораки на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) кон таргетираните групи.
Во своето досегашно работење Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има воспоставено одлична соработка со скоро сите локални и регионални, печатени, електронски и онлајн медиуми. Медиумите од регионот навремено реагираат на сите покани за медиумско покривање испратени од страна на Центарот за развој. Во своето секојдневно работење Центарот за развој на ЈИПР, а во изминатите неколку месеци и Бизнис центарот за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион, организира голем број на активности и настани. Во сите овие настани директно се вклучуваат и медиумите од регионот кои навремено и објективно ја информираат општата популација во регионот за остварените резултати на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Токму оваа одлична соработка со медиумите ќе овозможи навремено и адекватно пренесување на информациите за имплементираните активности и остварените резултати од Програмата за развој на ЈИПР на целата јавност во регионот.

Ограничените финансиски средства за промоција на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и Бизнис центарот, како и ограничените средства за промоција на резултатите и активностите од имплементирањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион 2015 - 2019 се најголемите нотирани слаби страни на комуникацијата на ЦРЈИПР со релевантните чинители од регионот во поглед на успешното спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019). Реалноста е дека Центарот за развој има скромни финансиски средства за себе промоција и промоција на остварените резултати од работењето, што не е случај со сличните вакви организации во земјите од Европската Унија. Сепак досегашното одлично работење на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е препознаено од локалните и регионалните медиуми, па оттаму овие недостатоци ќе бидат елиминирани со добивањето на бесплатен медиумски простор за промоција на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, но и за промоција на резултатите од Програмата за развој на ЈИПР.

Успешната имплементација на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) може да придонесе кон искористување на следниве потенцијални можности детектирани во оваа SWOT анализа:

- Воспоставување долгорочна соработка помеѓу ЦРЈИПР и Бизнис центарот при ЦРЈИПР од една страна и локалните и регионалните печатени, електронски и онлајн медиуми од друга страна
- Искористување на средства од Европски фондови за развивање и имплементација на детална Комуникациска стратегија за промоција на Центарот за развој и Бизнис центарот во рамките на ЦРЈИПР помеѓу јавноста во регионот

- Искористување на средства од меѓународни донатори присутни во Р. Македонија за развој и имплементација на Комуникациски стратегии за сите активности и проекти на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион
- Искористување на средства од национални фондови и буџети на општините од ЈИПР за развој и имплементација на Комуникациски стратегии за сите активности и проекти на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион

Овие потенцијални можности ќе бидат искористени и остварени само со имплементација на предвидените активности во оперативниот план кој е дел од Комуникациски план. Предвидените оперативни активности се адекватно буџетирани и дел од средствата за нивна имплементација можат да дојдат токму од национални фондови и буџети на општини за развој и имплементација на комуникациски стратегии, како и од средствата кои меѓународните донори во Р. Македонија ги имаат ставено на располагање за вакви цели.

Достигнувањето на овие потенцијални можности детектирани во оваа SWOT анализа дополнително ќе придонесат кон издигање на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во водечка организација за поддршка и развој на приватниот сектор во Југоисточниот плански регион на Р. Македонија.

# 4. ЦЕЛИ НА КОМУНИКАЦИСКИОТ ПЛАН

Визија на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) е да им помогне на сите учесници, носители и релевантни чинители на Програмата да станат свесни за нивната улога во реализацијата на истата.

Мисија на Комуникацискиот план е промоција на имплементираните активности од Програмата за развој на ЈИПР со цел информирање на сите релевантни чинители од регионот за важноста на Програмата и за нивната вклученост во имплементацијата на истата.

Главна цел на Комуникацискиот план е обезбедување на транспарентност при имплементацијата и мерење на ефектите од реализацијата на стратешките цели наведени во Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).

Општи цели на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) вклучуваат:

1. Промоција на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) и програмските активности;
2. Информирање на јавноста за Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019), активностите кои се дел од неа и остварените резултати;
3. Зголемување на јавната свест и одговорност од страна на клучните чинители за нивната улога во имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019);
4. Подобрување и зголемување на интерактивната комуникацијата преку размена на идеи и гледишта за различните активности кои се дел од Програмата за развој;
5. Развој на заедничко сфаќање за важноста од успешната имплементација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019);
6. Зголемување и продлабочување на соработката на Центарот за развој на ЈИПР со чинителите во регионот.

Специфичните цели на Комуникацискиот план вклучуваат:

- Споделување на причините и позадината за изготвувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион со јавноста од регионот;
- Споделување на очекуваниот импакт и импликации од успешното имплементирање на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион(2015-2019);
- Споделување на информации за тековниот статус на Програмата и очекуваните активности кои ќе се имплементираат во иднина;
- Обезбедување на практична и техничка помош во промовирањето на партиципацијата и вклученоста на клучните чинители во имплементацијата на оваа Програма;
- Промоција на дискусии и дебати на ниво на стејкхолдери со цел осигурување на вклученост на чинителите во имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019);
- Споделување на потребните информации со цел чинителите детално да се запознаат со Програмата за развој на Југоисточниот плански регион, да ја разберат истата и да придонесат во нејзина успешна имплементација.

Остварувањето на општите и специфичните цели на овој Комуникациски план подразбира исполнување на следниве активности:

- Информирање на јавноста, учесниците и потенцијалните корисници на Програмата за нивната улога во остварување на целите на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион;
- Информирање на целните групи (соработници, корисници на услугите, општините, потенцијалните корисници) на регионално и локално ниво за достапните можности за финансирање на активностите во рамки на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион;
- Континуирана соработка со сите институции, компании и медиуми при имплементација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019);
- Обезбедување континуирана транспарентност во спроведувањето на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион;
- Координирање на сите комуникациски активности спроведени од партнерски институции при имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион.

Дополнително, овој Комуникациски план ќе придонесе и кон:

- Промовирање на регионалниот Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион при ЦРЈИПР со цел запознавање на општата јавност во Југоисточниот плански регион за неговата улога во помагањето на растот и развојот на приватнот сектор во регионот;
- Промовирање на Југоисточниот плански регион како пожелна и поволна дестинација за инвестирање во бизнисот, со цел привлекување на поголем број инвеститори кои би придонеле кон економско зајакнување на регионот;
- Зголемена двонасочна комуникација со јавноста и пренесување на сите потребни информации за Центарот за развој на ЈИПР, регионалниот Бизнис центар и нивните активности;
- Промовирање, претставување и пренесување на резултатите и успесите постигнати од имплементирањето на мерките од Програмата за развој на Југоисточниот плански регион, со цел запознавање на јавноста со текот на имплементацијата на овој стратешки документ;
- Создавање на интерес кај јавноста за ЦРЈИПР и Бизнис центарот при ЦРЈИПР за нивното работење.

При остварувањето на зададените комуникациски цели Центарот за развој на Југоисточниот плански регион ќе ги почитува и ќе работи според следните комуникациски принципи и правила:

- ✓ **Двонасочност** – При практикување на комуникацијата не може да се очекува од јавноста да ги пренесе/сподели сите информации неопходни за зголемување на ефикасноста и квалитетот во функционирањето на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а при тоа истовремено да нема подготвеност, на ист начин и/или приближно во ист обем, да се дадат повратни информации за она што би било од интерес за јавноста од Југоисточниот плански регион. Јавноста се чувствува ценето доколку ги дознае значајните вести за функционирањето на Центарот за развој и имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019) навремено и директно. Оттаму, согласно овој Комуникациски план,

ЦРЈИПР навремено ќе ја информира јавноста во Југоисточниот плански регион за сите активности во рамките на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) како и за сите поединечни активности на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

- ✓ **Проактивност** – Комуникацијата треба да биде сфатена како потреба (акција), а не само како обврска (реакција). При тоа, од особена важност за лицата вработени во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е да демонстрираат подготвеност да ги осознаат потребите на јавноста и клучните чинители во регионот и соодветно и навремено да дејствуваат во насока на исполнување на нивните конкретни потреби и очекувања за соодветни и навремени информации.

- ✓ **Транспарентност** – Секоја комуникација мора да се темели врз факти. Подеднакво значајни се не само добрите, туку и лошите вести поврзани со работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион. Во таа насока одговорните лица во Центарот навремено ќе ги споделуваат сите информации со клучните чинители во регионот, без разлика на нивната содржина.

- ✓ **Едноставна и фокусирана комуникација** – Информациите треба да бидат јасни и недвосмислени и пред се разбирливи. Тоа подразбира дека тие треба да бидат дистрибуирани и преку достапни средства (канали на комуникација). Овој Комуникациски план нуди едноставни и фокусирани средства за комуникација, дел конвенционални, дел иновативни и истите ќе бидат користени од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и неговите вработени при комуникацијата со јавноста, а особено при комуникација со малите и средните претпријатија од регионот.

- ✓ **Користење на класични и нови (иновативни) комуникациски алатки** - Медиумите и јавноста во Југоисточниот плански регион имаат воспоставено стандарди за начинот на комуникација и видот на комуникациските алатки со Центарот за развој на ЈИПР. Сепак, цел на овој Комуникациски план е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион секаде и секогаш кога е можно, да применува нови и иновативни начини за комуникација, не само со медиумите од регионот, туку и со општата популација во Југоисточниот плански регион.

# 5. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Комуникациските активности кои се дел од Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) се фокусирани на клучните целни групи и ќе бидат имплементирани на неколку нивоа.
Согласно видот на комуникацијата целните групи се поделени на: примарна целна група - интерна комуникација и односи со јавност, односно надворешна комуникација. Целните групи од категоријата надворешната комуникација - односи со јавност пак од своја страна се поделени на чинители од I и II втор степен на важност согласно досегашната соработка со ЦРЈИПР и нивната вклученост во имплементацијата на Програмите за развој на Југоисточниот плански регион.
Целните групи на овој комуникациски план вклучуваат релевантни чинители од Југоисточниот плански регион и се групирани на следниот начин:

| Целни групи на Комуникацискиот план за спроведување на Програма за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) | |
|---|---|
| Целна група 1: Интерна комуникација | Центар за развој на Југоисточниот плански регион |
| Целна група 2: Надворешна комуникација од I степен на важност | Градоначалници на општините основачи на ЦРЈИПР |
| | Единици на локална самоуправа и одделенија за локален економски развој на 10[те] општини од регионот |
| | Локални и регионални медиуми |
| | Партнери на ЦРЈИПР при имплементација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион |
| | Мали и средни претпријатија од Југоисточниот плански регион |
| | Биро за регионален развој |
| | Национални и интернационални донатори |
| | Локални и регионални канцеларии на јавни институции (ресорни министерства, државни институции и сл.) |
| | Жители на Југоисточниот плански регион |
| Целна група 3: Надворешна комуникација од II степен на важност | Партнери на ЦРЈИПР во имплементација на проекти и проектни активности |
| | Организации и институции за поддршка на бизнис секторот |
| | Универзитети и образовни институции |
| | Регионални канцеларии на стопански комори во Југоисточниот плански регион |

Табела 4. Целни групи на Комуникацискиот план

## ***Интерна комуникација***

Интерната (внатрешна) комуникација во рамките на овој Комуникациски план се остварува помеѓу вработените во рамките на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Оваа комуникација за потребите на имплементацијата на Програмата за развој на ЈИПР ќе се одвива без некои поголеми потешкотии имајќи го предвид долгогодишното искуство и меѓусебна соработка на вработените во Центарот за развој. На вработените во Центарот за развој ќе им се приклучи и вработеното лице во Бизнис центарот кој е дел од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Внатрешната комуникација и со Бизнис центарот во рамки на Центарот за развој ќе се одвива лесно и без некои поголеми потешкотии имајќи го во предвид фактот дека Бизнис центарот е сместен во просториите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Внатрешната комуникација ќе биде навремена и точна со двонасочна размена на информации за Програмата за развој на ЈИПР. Професионалноста на наведениот персонал е една од главните предности за успешната комуникација, а вработените со својата квалификуваност придонесуваат за квалитетно извршување на сите предвидени активности во рамки на Програмата.

Една од целите на овој Комуникациски план е да ги усоврши формите на интерната комуникација и да ги подобри каналите за комуникација помеѓу вработените во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. За да се постигне оваа цел, вработените во Центарот за развој ќе користат конвенционални и иновативни начини за внатрешна координација.

Постојните начини за внатрешна координација меѓу вработените во Центарот за развој и нововоспоставениот бизнис Центар во рамките на Центарот за развој вклучуваат:

- **Редовни неделни координативни состаноци.** Овие состаноци ќе бидат иницирани од страна на одговорното лице во Бизнис центарот за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион, а на истите ќе присуствуваат и одговорни лица од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. Со цел навремено и успешно имплементирање на активностите од Програмата за развој на Југоисточниот плански регион, се предвидува овие состаноци да се одржуваат најмалку еднаш неделно. Составен дел од овие средби ќе биде и изработката на план на активности за идни периоди.
- **Именување на лице кое ќе биде задолжено за контакти со медиуми** и за спроведување на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019). Ова лице исто така ќе биде задолжено за известување и информирање на вработените во ЦРЈИПР за сите активности и задачи кои се реализираат и кои треба да се реализираат во насока на подобрување и зголемување на имиџот на Центарот, како и за остварување на транспарентност во комуникацијата со медиумите.
- **Директна секојдневна комуникација** која ќе се остварува телефонски и преку e-mail и која ќе овозможи навремено, квалитетно и успешно извршување на активностите при имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019).

За постигнување на ефикасна и ефективна координација меѓу вработените во Центарот за развој и Бизнис центарот при ЦРЈИПР, во секојдневното работење ќе се користат и нови, современи начини на комуникација. Во склоп на овие алатки за комуникација, предвидуваме користење на Cloud платформата како иновативна комуникациска алатка која веќе ја користат голем дел од организациите во светот.

- **Dropbox** е бесплатна услуга која им овозможува на регистрираните корисници да складираат било какви документи онлајн. Таа исто така им овозможува да ги споделуваат складираните податоци кога тоа го претпочитаат. Предности на користењето на Dropbox има повеќе: регистрираните вработени од Центарот за развој ќе имаат пристап до нивниот Dropbox кориснички профил од било кој компјутер или мобилен телефон, бидејќи Dropbox е достапен онлајн. Дополнително, сите вработени ќе можат да споделуваат фолдери и фајлови меѓу себе и со трети лица, преку испраќање електронско писмо во кое е ставен линк на кој е прикачен документот/документите.
- **GoogleDrive** е поврзан со GoogleAccounts и може бесплатно да се добие. Слично како и кај Dropbox и преку GoogleDrive може да се споделуваат цели папки и документи со сите оние на кои ќе им се испрати покана преку електронско писмо. Предноста овде е што Google има развиено свои програми наречени GoogleDocuments кои може да се креираат онлајн и да се изменуваат истовремено од страна на повеќе кориснички профили со кои е споделен документот.

## ***Надворешна комуникација од I степен на важност***

Надворешната комуникација од I степен во поглед на овој Комуникациски план ќе биде насочена кон следните целни групи:

- **Градоначалници на општините основачи на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион**

  Соработката и комуникацијата со градоначалниците на општините од Југоисточниот плански регион е од круцијална важност за успешноста на имплементација на Комуникацискиот план. Добрата двонасочна комуникација придонесува проектите кои се подготвуваат и реализираат од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, а се поврзани со Програмата за развој на регионот, да ја имаат нивната поддршка во насока на зголемување на економскиот развој на самите општини. Добрата соработка и комуникација е исто така важна бидејки општините се основачи на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и успехот на Центарот за развој на ЈИПР зависи од оваа добра соработка и комуникација.

- **Единици на локална самоуправа и одделенија за локален економски развој (ЛЕР одделенија)**

  Континуираната соработка на ЦРЈИПР како најважен чинител во регионот со локалните самоуправи и ЛЕР одделенијата од ЈИПР продолжува и преку основаниот Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во ЈИПР кој е составен дел од Центарот за развој. Центарот за развој на Југоисточниот плански регион навремено и континуирано ги информира локалните самоуправи за своите секојдневни активности, а навременото и континуираното информирање ќе продолжи и за активностите кои ќе бидат имплементирани во рамките на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).

- **Локални и регионални медиуми**

  Центарот за развој на Југоисточниот плански регион своите комуникациски пораки поврзани со управување и спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион ќе ги насочува и кон локалните и регионалните печатени, електронски и онлајн медиуми. Медиумите се една од најважните целни групи на овој Комуникациски план. И покрај ограничените финансиски средства за промоција во медиумите, ЦРЈИПР во досегашното работење успеа да воспостави одлична соработка со сите медиуми во Југоисточниот регион. Соработката е воспоставена благодарение на навременото и точното споделување на информации од страна на

Центарот за развој за сите свои активности и проекти. Токму оваа соработка ќе биде искористена и за споделување на комуникациските пораки кои ќе произлезат од успешната имплементација на Програмата за развој на ЈИПР.

- **Партнери на ЦРЈИПР при имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019)**
  Овие партнерски организации се клучни чинители од ЈИПР кои директно учествуваат во имплементацијата на Програмата за развој. Програмата ќе биде имплементирана во соработка со сите клучни чинители во регионот, па оттаму дел од комуникациските пораки ќе бидат наменети и кон оваа целна група, со цел да се обезбеди нивна вклученост и активност во сите фази од имплементацијата на Програмата.

- **Мали и средни претпријатија од Југоисточниот плански регион**
  ЦРЈИПР одржува редовна двонасочна комуникација со малите и средните компании од регионот со цел навремено и јасно да ги дефинира потребите и интересите на МСП и да обезбеди промовирање на тие потреби и интереси во јавноста. Нововоспоставениот Бизнис центар за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во ЈИПР, како дел од Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, ќе имплементира активности кои треба да придонесат кон раст и развој на компаниите од регионот, па оттаму и потребата за редовна комуникација со сите претставници на приватниот сектор во Југоисточниот плански регион.

- **Биро за регионален развој (www.brr.gov.mk)**
  Бирото за регионален развој е орган во состав на Министерството за локална самоуправа кој врши: подготовка на аналитичко-документациска основа за изготвување на стратешки и оперативни плански документи за регионален развој; изработка на предлог-методологијата за изработка на планските документи; подготвка на годишни извештаи за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата; ја изработува предлог-одлуката за критериумите и индикаторите за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби; ја изработува предлог-листата на подрачјата со специфични развојни потреби.
  Бирото за регионален развој има за цел остварување на рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој, како и намалување на диспаритетите во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани. Програмата за развој на Југоисточниот плански регион е документ кој цели кон развој на ЈИПР па оттаму при комуницирањето на остварените резултати во рамките на оваа програма ЦРЈИПР како дел од целните групи на кои се наменети тие комуникациски пораки ќе го има и Бирото за регионален развој. Центарот има одлична соработка и комуникација со Бирото за регионален развој и истата ќе биде одржана и надоградена и за време на имплементацијата на Програмата за развој на ЈИПР.

- **Национални и меѓународни донатори**
  Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има одлична соработка со сите национални и меѓународни донаторски организации и оваа соработка ја одржува преку нивно редовно информирање за своите секојдневни активности, проекти и потреби. Ваквиот воспоставен начин на комуникација овозможува демонстрирање транспарентност и отчетност за реализацијата на тековните проекти на Центарот за развој, истовремено стимулирајќи потенцијална поддршка за следни активности и потреби. Оваа одлична комуникација ќе биде одржана и надградена и за време на имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019).

- **Локални и регионални канцеларии на јавни институции** (ресорни министерства, државни институции)
  Овие канцеларии се важни партнери на ЦРЈИПР во имплементацијата на програмите за развој на регионот. Со сите локални и регионални канцеларии, Центарот одржува редовна двонасочна комуникација, која ќе продолжи и за време на имплементацијата на овој Комуникациски план.

- **Жителите на Југоисточниот плански регион**
  ЦРЈИПР како дел од својата мисија и визија има редовно и навремено информирање на жителите на регионот за своите проекти и проектни активности. Имплементацијата на Програмата за развој на ЈИПР е директно наменета за жителите на регионот, па оттаму Центарот навремено и континуирано ќе ги информира жителите на Југоисточниот регион за активностите поврзани со имплементацијата на Програмата.

## ***<u>Надворешна комуникација од II степен на важност</u>***

- **Партнери на Центар за развој на Југоисточниот плански регион при имплементацијата на проекти и проектни активности**
  Во рамките на своето работење Центарот за развој на Југоисточниот плански регион имплементира голем број на проекти кои имаат за цел подобрување на условите во Југоисточниот плански регион. Овие проекти и проектни активности се финансирани од страна на Европски и меѓународни фондови, буџети на општини, национални фондови и нивната имплементација подразбира впартнерување на Центарот за развој со други регионални, национални и интернационални организации и институции со ист или сличен делокруг на работа како Центарот. Во текот на своето постоење, ЦРЈИПР има воспоставено партнерски односи со голем број национални и меѓународни организации, па дел од комуникациските пораки кои се дел од овој Комуникациски план ќе бидат наменети токму за овие партнери.

- **Организации за поддршка на бизнис секторот**
  Центарот за развој на Југоисточниот плански регион комуницира со и редовно ги информира организациите за поддршка на бизнис секторот за своите активности и програми со цел да иницира активна поддршка, партиципација и заеднички проекти од интерес за развојот на регионот. Дел од овие активности е и имплементацијата на Програмата за развој на ЈИПР(2015-2019). Самата Програма за развој подразбира директна вклученост на сите релевантни чинители во нејзината имплементација, што секако претставуваат и организациите за поддршка на бизнис секторот од Југоисточниот плански регион.

- **Универзитети и образовни институции**
  Целна група на овој Комуникациски план се и образовните институции кои функционираат во Југоисточниот плански регион, односно високо квалификуваните кадри кои работат во овие институции. ЦРЈИПР секогаш ги слуша квалитетните идеи за понатамошен развој на регионот, па вработените во овие образовни институции се потенцијален извор на вакви идеи. Оттаму, со нивно информирање за успешната имплементација на Програмата за развој ќе биде постигната поголема вклученост на овие институции во активностите кои се дел од оваа Програма.

- **Регионални канцеларии на стопански комори во Југоисточниот плански регион**
  ЦРЈИПР одржува редовна комуникација со овие канцеларии која ќе продолжи и за време на имплементацијата на овој Комуникациски план со цел детално информирање на овие канцеларии за имплементацијата на Програмата за развој и обезбедување поголема нивна вклученост во идните активности на ЦРЈИПР.

# 6. КОМУНИКАЦИСКИ ПОРАКИ

Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) ќе овозможи информирање на јавноста во Југоисточниот плански регион за успешноста од имплементирањето на Програмата за развој на регионот и придонесот кон остварувањето на стратешките цели на оваа Програма. Со цел постигнување на ова, дефинирани се следните комуникациски пораки кои ќе овозможат информирање на целните групи за текот на имплементацијата на Програмата за развој:

1. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е вистински партнер и соработник во развој на Југоисточниот плански регион, како и партнер во раст и развој на МСП од Југоисточниот плански регион;***
2. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е еден од главните двигатели во промоција на економските можности за развој на Југоисточниот плански регион;***
3. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е главен носител на развојот на Југоисточниот плански регион и креатор на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019);***
4. ***Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) е документ од огромна важност за регионот и Главен имплементатор на Програмата е Центарот за развој на Југоисточниот плански регион;***
5. ***Имплементација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019) подразбира вклучување на сите релевантни чинители кои постојат во Југоисточниот регион (локални самоуправи, партнери на Центарот, локални и регионални медиуми, приватен сектор);***
6. ***Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е подготвен за соработка со сите релевантни чинители од Југоисточниот регион.***

Првите две комуникациски пораки се од исклучителна важност и токму имплементацијата на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) ќе овозможи информирање на јавноста во Југоисточниот плански регион за важноста на Центарот за развој на ЈИПР за регионот во целина. Овие две комуникациски пораки ќе овозможат позиционирање на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион како најважната партнер институција за развој на бизнис секторот во ЈИПР и за економското зајакнување на Југоисточниот плански регион во целина. Третата комуникациска порака мора да се сподели со јавноста во Југоисточниот плански регион, како јавноста би станала свесна за значењето на Програмата за регионот како и за значењето на ЦРЈИПР за имплементацијата на оваа Програма.

Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019) има за задача да ја информира јавноста во Југоисточниот плански регион дека имплементација на Програмата ќе се одвива со директно вклучување на сите релевантни чинители кои постојат во Југоисточниот регион (локални самоуправи, партнери на Центарот, локални и регионални медиуми, приватен сектор). Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е подготвен за соработка со сите релевантни чинители од Југоисточниот регион, посебно во делот на имплементацијата на важни програми и стратегии кои придонесуваат кон развој на Југоисточниот плански регион. Оттаму и важноста овој Комуникациски план да ја пренесе пораката за соработка помеѓу сите релевантни чинители во регионот при имплементацијата на Програмата за развој.

# 7. КОМУНИКАЦИЈА ПРЕКУ КЛАСИЧНИТЕ И ИНОВАТИВНИТЕ МЕДИУМИ

Комуникацијата преку класичните медиуми е ефективен и важен дел од комуникацискиот систем. И покрај сè поголемиот пробив на иновативните медиуми, класичните медиуми сеуште завземаат важно место во секој комуникациски план и сите организации и институции во своите комуникациски стратегии и комуникациски планови вклучуваат комуникациски алатки тесно поврзани со класичните медиуми.
Во изминатите десетина години се појавија многу иновативни медиуми и иновативни комуникациски алатки кои ги потиснаа класичните медиуми и комуникациски алатки. Овие иновативни медиуми и алатки во голема мера го сменија начинот на кој организациите, институциите и пред сè приватните компании се промовираат. Очекувањата се дека во годините кои доаѓаат, сè повеќе и повеќе иновативни медиуми и комуникациски алатки ќе бидат користени за промотивни цели.

Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) инкорпорира класични и иновативни медиуми и комуникациски алатки кои ќе бидат користени од страна на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион во промоција на имплементацијата и остварените резултати од Програмата за развој на Југоисточниот плански регион.

Успешна имплементација на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) подразбира користење на следните начини на комуникација помеѓу Центарот за развој на Југоисточниот плански регион и релеватните чинители од регионот:

| Комуникација преку класични и иновативни медиуми | |
|---|---|
| **Редовна директна комуникација со локални и регионални медиуми** | Редовната директна комуникација со локални и регионални медиуми ќе се остварува преку електронско и телефонско информирање на локалните и регионални печатени, електронски и онлајн медиуми за активностите поврзани со имплементација на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).* |
| **Редовна директна комуникација со релевантни чинители за Програмата за развој на Југоисточниот плански регион** | Имплементацијата на *Програмата* ќе се одвива со директна инволвираност на клучните чинители од регионот, па оттаму и големата важност на остварувањето на редовна комуникација со овие чинители. Редовната директна комуникација со релевантните чинители за Програмата ќе се одвива преку електронска пошта и телефонски јавувања на чинителите за сите активности поврзани со Програмата за развој. |
| **Директна комуникација преку средби со медиумите** | За потребите на имплементацијата на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)* ЦРЈИПР по потреба ќе организира различни директни средби со медиумите. Во зависност од активностите, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион ќе организира 3 вида на средби:<br>• **Неформални месечни средби со медиумите** каде лицето за комуникација со медиумите ќе организира средби кои ќе бидат во неформална атмосфера и каде лицето ќе ги |

| | |
|---|---|
| | информира медиумите за активностите кои се преземаат или се подготвуваат.<br>• **Прес конференции** кои ќе бидат наменети за претставници од сите локални, регионални и национални медиуми и ќе служат за формално комуницирање на сите главни / круцијални работи поврзани со имплементирање на активности од Програмата за развој на ЈИПР и презентирање на идните планови поврзани со Програмата. На прес конференциите ќе се дистрибуираат официјални промо материјали (флаери, фолдери, буклети, прирачници), соопштенија за јавност, „fact sheets" со детални информации за имплементираните активности.<br>• **Формални средби со медиумите** на кои Раководителката на ЦРЈИПР ќе ги информира медиумите за одредени активности кои се подготвуваат и кои ќе се реализираат. Целта на овие средби е да се зголеми соработката и взаемната доверба. |
| **Индиректна комуникација преку веб страната на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион** | Веб страната на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион е алатка преку која Центарот остварува редовна комуникација со сите заинтересирани страни во Југоисточниот плански регион. Веб страната е континуирано ажурирана со информации за активностите на Центарот, а за време на петгодишниот процес на имплементација на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)* и со информации за активностите и резултатите постигнати од успешната имплементација на Програмата. |
| **Индиректна комуникација преку социјалните мрежи** | ЦРЈИПР остварува комуникација со заинтересираните страни и преку сопствените профили на социјалните мрежи. Оваа комуникација ќе продолжи и за време на имплементацијата на овој Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) преку редовно комуницирање на сите активности и резултати од Програмата со јавноста во Југоисточниот плански регион. |
| **Индиректна комуникација преку соопштенија за јавност** | Одговорните лица во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион еднаш месечно ќе публикуваат Соопштенија за јавност за планирани и имплементирани активности во врска со *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)*. Овие соопштенија за јавност ќе бидат објавувани на веб страните на локалните самоуправи и за време на информативните емисии на локалните и регионалните ТВ и радио станици. Соопштенијата за јавност ќе бидат публикувани и на локалните и регионалните печатени и онлајн медиуми. |
| **Индиректна комуникација преку е-билтени** | Со цел унапредување на комуникацијата со јавноста во Југоисточниот плански регион, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион најмалку еднаш месечно ќе изготвува е-билтени преку кои ќе ги информираат медиумите и чинителите од Југоисточниот плански регион за имплементираните активности и планираните настани во рамки на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)*. |

Табела 5. Комуникација преку класични и иновативни медиуми

Остварување на успешна директна и индиректна комуникација со јавноста во Југоисточниот плански регион, а како дел од овој Комуникациски план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019), подразбира употребување на следните класични и иновативни комуникациски алатки кои му стојат на располагање на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион:

<table>
<tr><th colspan="2">Комуникациски алатки</th></tr>
<tr><td>Веб страна на Центар за развој на Југоисточниот плански регион</td><td>ЦРЈИПР континуирано ја користи сопствената веб страна за промоција на имплементираните активности и остварените резултати. Веб страната на Центарот за развој ќе ја задржи оваа своја намена и за време на имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019). Со цел подобрување на комуникацијата во поглед на Програмата за развој, Центарот за развој ќе ги воведе следните новини на сопствената веб страна:<br>✓ Инкорпорирање на дел за регистрирање на заинтересирани чинители со цел доставување на изработените е-билтени до што е можно поголем аудиториум<br>✓ Инкорпорирање на дел за онлајн комуникација со посетителите на веб страната<br>✓ Директно поврзување на веб страната со профилите на социјалните мрежи<br>✓ Директно поврзување на веб страната со веб страните на Единиците на локална самоуправа од ЈИПР.</td></tr>
<tr><td>Социјални медиуми - профили на Центар за развој на Југоисточниот плански регион на социјалните медиуми</td><td>ЦРЈИПР има активна промоција на социјалната мрежа Facebook, но сеуште нема започнато сопствена промоција преку останатите социјалните медиуми, па оттаму, во почетната фаза од имплементацијата на овој Комуникациски план одговорните лица од Центарот за развој ќе почнат со креирање на страни за Центарот за развој на социјалните мрежи Twitter и LinkedIn и нивно директно поврзување со веб страната на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.<br>Twitter е еден од наједноставните и најбрзи средства за споделување информација водејќи се по правилото „порака од максимум 140 знаци“. Овој социјален медиум служи за кратко, концизно и јасно информирање на сите заинтересирани.<br>LinkedIn е најголема професионална мрежа во светот со повеќе од 175 милиони членови и покажува многу брз раст. LinkedIn поврзува со проверени контакти и помага при размена на информации, идеи и дава можност за градење на широка мрежа на професионалци. Една од најкорисните работи која LinkedIn ја нуди, а Центарот за развој може да ја искористи, е можноста за креирање на специјализирана група за Програмата за развој каде може да се вклучат сите релевантни чинители од регионот и истите навремено да се информираат за процесот на имплементација на Програмата.<br>На воспоставените профили на социјалните медиуми Центарот за развој ќе ги споделува сите комуникациски пораки поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Веб страни на единиците на локални самоуправи во Југоисточниот плански регион** | Веб страните на Единиците на локалните самоуправи во ЈИПР ќе бидат користени како комуникациски алатки на тој начин што сите покани и соопштенија за настани и активности, соопштенија за јавност и други информативни пораки поврзани со Програмата за развој ќе бидат објавувани на веб страните на сите 10 општини од ЈИПР. |
| **Електронски (локални и регионални) медиуми** | Кампањите на масовните медиуми се испробан и докажан пристап за ефикасна комуникација. Истражувањата покажале дека мас-медиумскиот пристап дава резултати во смисла на:<br>- подигнување на свеста кај граѓаните,<br>- стимулирање на целната публика да бара информации и услуги,<br>- зголемување на знаењето,<br>- менување на ставови, па дури и промени во однесувањето.<br>Телевизиските и радио станиците кои функционираат на локално и регионално ниво во Југоисточниот плански регион се традиционални средства за пренесување на комуникациските пораки поврзани со Програмата за развој.<br>ЦРЈИПР негува одлична соработка со сите електронски медиуми во регионот што се гледа по фактот дека досегашните имплементирани настани од страна на Центарот се скоро секогаш адекватно медиумски покриени од електронските медиуми.<br>За потребите на овој Комуникациски план, електронските медиуми од регионот редовно ќе објавуваат информации и соопштенија за јавност за имплементираните активностите во рамки на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).* |
| **Печатени медиуми** | Исто како и со електронските медиуми ЦРЈИПР има одлична соработка и со печатените медиуми. За потребите на овој Комуникациски план печатените медиуми редовно ќе објавуваат информации и Соопштенија за јавност за имплементирани активностите во рамки на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).* |
| **Онлајн медиуми - веб портали (локални и регионални)** | Веб порталите од Југоисточниот плански регион редовно ја промовираат работата на ЦРЈИПР и медиумски ги „покриваат" сите настани организирани од страна на Центарот за развој.<br>За потребите на Комуникацискиот план за спроведување на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019)* веб порталите од регионот редовно ќе ги објавуваат информациите и Соопштенијата за јавност кои се однесуваат на имплементацијата на Програмата за развој на регионот.<br>Со цел дополнително подобрување на соработката помеѓу ЦРЈИПР и веб порталите од регионот, одговорните лица од Центарот за развој во почетокот на имплементацијата на овој Комуникациски план ќе одржат информативни состаноци со сите веб портали од регионот на кои ќе биде договорена соработка која ќе се состои во поставување на банери на ЦРЈИПР на повеќето веб портали во регионот. |
| **Википедија** | Во рамките на иновативните комуникациски алатки кои се дел од овој Комуникациски план, ЦРЈИПР ќе започне со сопствена промоција и на веб порталот Википедија каде ќе бидат поставени информации за организацијата, нејзините активности, со посебен акцент на фактот дека ЦРЈИПР е главен чинител и креатор на *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019).* |

| | |
|---|---|
| **Прес конференции** | Со цел детално информирање на јавноста во Југоисточниот плански регион за имплементацијата и остварените резултати од Програмата за развој, Центарот за развој на Југоисточниот плански регион по потреба ќе организира Прес конференции. На овие прес конференции ќе бидат поканети претставници од сите локални и регионални медиуми со цел пренесување на комуникациските пораки, остварените резултати и идните активности на целните групи на Комуникацискиот план. |
| **Е-билтени** | Е-билтените се ефикасен и економичен начин за Центарот за развој на Југоисточниот плански регион да ги искомуницира со јавноста и чинителите активностите кои како дел од *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)* се имплементираат. Одговорните лица во Центарот за развој на месечна основа ќе изготвуваат е-билтени кои потоа ќе бидат поставени на веб страните, страните на социјалните мрежи, а ќе бидат доставени и по електронски пат до сите чинители во регионот и заинтересираните правни и физички лица кои се зачлениле на веб страната на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. |
| **Печатени промотивни материјали** | ЦРЈИПР ќе изготвува и дистрибуира најразлични промотивни материјали кои ќе претставуваат комуникациски алатки за информирање на јавноста за Програмата за развој на регионот и нејзината имплементација од страна на Центарот за развој и клучните чинители. Овие печатени промотивни материјали ќе вклучуваат флаери, брошури и слични промотивни материјали кои сами по себе ќе вклучуваат информации за процесот на имплементација на Програмата за развој и имплементирањето на активностите кои се дел од оваа Програма. |
| **Промотивни фолдери** | Сите информативни настани и прес конференции поврзани со *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)* ќе вклучат доставување на промотивни фолдери до учесниците на истите. Промотивните фолдери ќе вклучуваат разни промотивни материјали (промотивни флаери, брендирани нотеси и пенкала) изработени од Центарот за развој за потребите на овој Комуникациски план и промоцијата на Програмата за развој на регионот и нејзината имплементација. |
| **Прес клипинг извештаи** | Со цел утврдување на медиумската покриеност на имплементацијата на Комуникацискиот план и имплементацијата на самата Програма за развој на Југоисточниот плански регион, одговорните лица од Центарот за развој ќе подготвуваат Прес клипинг извештаи. Овие извештаи ќе бидат изготвувани два пати годишно и истите ќе содржат информации за медиумската покриеност на активностите поврзани со *Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 - 2019)*: содржина на артиклите и соопштенијата за јавност, датуми на објавување, медиуми каде информациите биле објавени, потенцијален импакт, број на прегледи и сл.<br>Овие прес клипинг извештаи потоа ќе бидат објавувани на веб страната и профилите на социјалните медиуми на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. |

Табела 6. Комуникациски алатки

# 8. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ СО ДЕФИНИРАНИ АЛАТКИ ЗА КОМУНИКАЦИЈА, ВРЕМЕНСКА РАМКА И БУЏЕТ

| Комуникациска активност | Комуникациски алатки | Очекувани резултати | Временска рамка | Буџет (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| **Дополнувања на веб страната на Центар за развој на Југоисточниот плански регион** | Веб страна на Центар за развој на Југоисточниот плански регион | ✓ Внесен дел за регистрирање на заинтересирани чинители за достава на е-билтени до што е можно поголем аудиториум<br>✓ Внесен дел за онлајн комуникација со посетителите на веб страната<br>✓ Поврзување на веб страната со профилите на социјалните мрежи<br>✓ Поврзување на веб страната со веб страните на ЕЛС од ЈИПР | октомври 2015 - јуни 2016 | 60.000 |
| **Поставување на профили на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион на социјалните мрежи Twitter и LinkedIn** | Социјални медиуми | ✓ Поставен профил на ЦРЈИПР на LinkedIn<br>✓ Поставен профил на ЦРЈИПР на Twitter | октомври - ноември 2015 | 20.000 |
| **Воведување на Dropbox како алатка за интерна комуникација** | Dropbox | ✓ Отворени кориснички профили на Dropbox на вработените во ЦРЈИПР | октомври - ноември 2015 | 10.000 |
| **Воведување на GoogleDrive во работата на Центар за развој на Југоисточниот плански регион** | GoogleDrive | ✓ Отворени кориснички профили на GoogleDrive на вработените во ЦРЈИПР | март - јули 2016 | 10.000 |
| **Објавување на информации на веб страните на 10те ЕЛС од Југоисточниот плански регион** | Веб страни на 10 ЕЛС | ✓ Објавени Соопштенија за јавност<br>✓ Објавени е-билтени | октомври 2015 - декември 2019 | 30.000 |
| **Соработка со веб портали (онлајн медиуми)** | Онлајн медиуми | ✓ Потпишани договори за соработка со веб портали<br>✓ Поставено ЦРЈИПР лого на веб портали | септември 2016- декември 2017 | 90.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Изготување на Соопштенија за јавност** | - Електронски медиуми<br>- Печатени медиуми<br>- Онлајн медиуми<br>- Социјални медиуми<br>- Веб страна на ЦРЈИПР<br>- Веб страни на ЕЛС | ✓ Изготвени Соопштенија за јавност | октомври 2015 - декември 2019 | 90.000 |
| **Креирање на содржина за Центар за развој на Југоисточниот плански регион на Википедија** | Википедија | ✓ Поставена статија за Центарот за развој на Википедија | октомври - декември 2015 | 10.000 |
| **Организирање на Прес конференции** | - Прес конференција<br>- Електронски медиуми<br>- Печатени медиуми<br>- Онлајн медиуми<br>- Социјални медиуми | ✓ Организирани прес конференции | октомври 2015 - декември 2019 | 300.000 |
| **Организирање неформални средби со медиумите** | - Неформални средби<br>- Електронски медиуми<br>- Печатени медиуми<br>- Онлајн медиуми<br>- Социјални медиуми | ✓ Организирани неформални средби со медиумите | октомври 2015 - декември 2019 | 60.000 |
| **Организирање формални средби со медиумите** | - Формални средби<br>- Електронски медиуми<br>- Печатени медиуми<br>- Онлајн медиуми<br>- Социјални медиуми | ✓ Организирани формални средби со медиумите | октомври 2015 - декември 2019 | 100.000 |
| **Изготвување на е-билтени** | Е-билтени | ✓ Изготвени е-билтени | октомври 2015 - декември 2019 | 120.000 |
| **Имплементација на планирачки работилници со релевантни чинители за генерирање проектни идеи за стратешките цели на Програмата за развој на ЈИПР (2015-2019)** | - Планирачки работилници<br>- Електронски медиуми<br>- Печатени медиуми<br>- Онлајн медиуми<br>- Социјални медиуми | ✓ Имплементирани планирачки работилници | јануари 2016 - декември 2017 | 620.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Изработка на печатени промотивни материјали** | Печатени промотивни материјали | ✓ Изготвени и дистрибуирани промотивни флаери<br>✓ Изготвени и дистрибуирани промотивни брошури | октомври 2015 - декември 2019 | 180.000 |
| **Изработка на промотивни фолдери** | Промотивни фолдери | ✓ Изготвени и дистрибуирани промотивни фолдери<br>✓ Изготвени и дистрибуирани брендирани нотеси и пенкала | октомври 2015 - декември 2019 | 180.000 |
| **Изготвување на Прес клипинг извештаи** | - Прес клипинг извештаи<br>- Електронски медиуми<br>- Печатени медиуми<br>- Онлајн медиуми<br>- Социјални медиуми | ✓ Изготвени Прес клипинг извештаи | октомври 2015 - декември 2019 | 100.000 |

Табела 7. Оперативен план на активности на Комуникацискиот план за периодот 2015 - 2019 година

# 9. МЕТОДИ И НАЧИНИ НА МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И МЕРКИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Мониторингот и евалуацијата на Комуникацискиот план за спроведување на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015 – 2019) ќе се врши од страна на одговорните лица во Центарот за развој на Југоисточниот плански регион на чело со Раководителката на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

Мониторингот и евалуацијата на комуникациските активности ќе биде мерен преку следните мерливи индикатори:

| Мониторинг и евалуација на Комуникациски активности | | |
|---|---|---|
| **Комуникациска активност** | **Индикатори на успешност и feedback од приватниот сектор** | **Краен рок за имплементација** |
| **Дополнувања на веб страната на Центар за развој на Југоисточниот плански регион** | ✓ Поставен дел за регистрирање на заинтересирани чинители за доставување на е-билтените до што е можно поголем аудиториум<br>✓ Најмалку 50 зачленети (физички, правни лица и институции) на делот за регистрирање<br>✓ Поставен дел за онлајн комуникација со посетителите на веб страната<br>✓ Остварени најмалку 5 двонасочни комуникации со приватниот сектор на месечно ниво преку делот за онлајн комуникација со посетителите на веб страната<br>✓ Овозможено директно поврзување на веб страната со профилите на социјалните мрежи<br>✓ Овозможено директно поврзување на веб страната со веб страните на 10<sup>те</sup> ЕЛС од ЈИПР | 30.06.2016 |
| **Поставување на профили на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион на социјалните мрежи Twitter и LinkedIn** | ✓ Поставен профил на LinkedIn<br>✓ Поставен профил на Twitter<br>✓ Објавени најмалку 20 информативни содржини за Регионалната програма на социјалните медиуми<br>✓ Најмалку 3 реакции (прашања, feedback, барање информации) од бизнис секторот на секоја објава на профилите на социјалните мрежи | 31.12.2015 |

| | | |
|---|---|---|
| **Воведување на Dropbox како алатка за интерна комуникација** | ✓ Отворени најмалку 3 Dropbox кориснички профили<br>✓ Остварени најмалку 3 двонасочни комуникации за Програмата со приватниот сектор преку Dropbox | 30.11.2015 |
| **Воведување на GoogleDrive во работата на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион** | ✓ Отворени најмалку 3 GoogleDrive кориснички профили<br>✓ Остварени најмалку 3 повратни комуникации за Програмата со приватен сектор преку GoogleDrive | 31.07.2016 |
| **Објавување на информации на веб страните на 10[те] Единици на локална самоуправа од Југоисточниот плански регион** | ✓ Објавени најмалку 40 Соопштенија за јавност за Програмата за развој на веб страните на ЕЛС од ЈИПР<br>✓ Објавени најмалку 20 е-билтени за Програмата за развој на веб страните на ЕЛС од ЈИПР<br>✓ Најмалку по 3 реакции (прашања, feedback, барање информации) за Програмата од страна на бизнис секторот на секоја објава на веб страните на ЕЛС од ЈИПР | 31.12.2019 |
| **Соработка со Веб портали** (онлајн медиуми) | ✓ Потпишани Договори за соработка со најмалку 3 веб портали од ЈИПР<br>✓ Логото на ЦРЈИПР поставено на најмалку 5 веб портали од регионот<br>✓ Најмалку 5 претставници на приватен сектор бараат информации од ЦРЈИПР како резултат на поставеното лого на Центарот на веб порталите | 31.12.2017 |
| **Изготвување на Соопштенија за јавност** | ✓ Објавени најмалку 60 Соопштенија за јавност<br>✓ Најмалку 10 реакции (прашања, feedback, барање информации) од бизнис секторот во врска со Соопштенијата | 31.12.2019 |
| **Креирање на содржина за ЦРЈИПР на Википедија** | ✓ Поставена статија за ЦРЈИПР на Википедија | 31.12.2015 |
| **Организирање на Прес конференции** | ✓ Организирани најмалку 5 прес конференции<br>✓ Присутни најмалку 75 претставници на медиуми<br>✓ Најмалку 10 реакции (прашања, feedback, барање информации и/или состаноци) на бизнис секторот за споделеното на прес конференциите | 31.12.2019 |

| | | |
|---|---|---|
| **Организирање неформални средби со медиумите** | ✓ Организирани најмалку 30 неформални средби со медиумите<br>✓ Присутни најмалку 10 претставници на медиуми на секоја неформална средба<br>✓ Најмалку 3 објави во медиумите по секоја неформална средба за споделеното од страна на Центарот за развој<br>✓ Најмалку 5 реакции (прашања, feedback, барање информации и/или состаноци) од страна на бизнис секторот поврзано со информациите во објавите од неформалните средби | 31.12.2019 |
| **Организирање формални средби со медиумите** | ✓ Организирани најмалку 10 формални средби со медиумите<br>✓ Присутни најмалку 10 претставници на медиумите на секоја формална средба<br>✓ Најмалку 3 објави во медиумите по секоја формална средба со споделеното од страна на Центарот за развој<br>✓ Најмалку 5 реакции (прашања, feedback, барање информации и/или состаноци) од страна на бизнис секторот во врска со споделеното во објавите од формалните средби | 31.12.2019 |
| **Изготвување на е-билтени** | ✓ Изготвени најмалку 60 е-билтени<br>✓ Најмалку 15 реакции (прашања, feedback, барање информации) од бизнис секторот во поглед на испратените е-билтени | 31.12.2019 |
| **Имплементација на планирачки работилници со релевантни чинители за генерирање проектни идеи за стратешките цели на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015-2019)** | ✓ Имплементирани најмалку 6 планирачки работилници (1 планирачка работилница за секоја стратешка цел на програмата)<br>✓ Најмалку 100 лица (претставници на релевантните чинители) присутни на работилниците<br>✓ Најмалку 35 претставници на приватниот сектор присутни на работилниците<br>✓ Генерирани најмалку 50 проектни идеи за стратешките цели на Програмата за развој | 31.12.2017 |

| | | |
|---|---|---|
| **Изработка на печатени промотивни материјали** | ✓ Изготвени и дистрибуирани најмалку 2.000 промотивни флаери за поединечните активности поврзани со Програмата за развој на Југоисточниот плански регион<br>✓ Изготвени и дистрибуирани најмалку 200 промотивни брошури за поединечните активности поврзани со Програмата за развој | 31.12.2019 |
| **Изработка на промотивни фолдери** | ✓ Изготвени и дистрибуирани најмалку 500 промотивни фолдери<br>✓ Изготвени и дистрибуирани најмалку 500 брендирани промотивни нотеси<br>✓ Изготвени и дистрибуирани најмалку 500 брендирани промотивни пенкала | 31.12.2019 |
| **Изготвување на Прес клипинг извештаи** | ✓ Изготвени најмалку 10 Прес клипинг извештаи<br>✓ Најмалку 5 реакции (прашања, feedback, барање информации и/или состаноци) од страна на бизнис секторот во врска со објавените прес клипинг извештаи | 31.12.2019 |

Табела 8. Мониторинг и евалуација на Комуникациските активности за периодот 2015 - 2019 година.



